РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-785/3
01-07-2025

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата, на 19-тата седница одржана на ден 02.06.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

Постапката по предметот заведен под број 09-3166/1 од 18.12.2024 година, оформен против ----------, Министер за --------- и ----------, вработен во Министерството за ----------, СЕ ЗАПИРА.

Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и не е констатирана повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на пријавените службени лица.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-3166/1 од 18.12.2024 година е оформен врз основа на пријава од анонимен подносител во која е наведено дека второпријавениот -------- бил именуван на функција специјален надворешен советник на министерот од страна на првопријавениот ------, актуелен министер за -------, а покрај тоа истото лице од страна на министерот било назначено за член во Комисијата за помилување на претседателот на РСМ, за член на Комисијата за ревизија во Академијата за судии и јавни обвинители, за член на Комисијата за надзор над функционалноста на АКМИС во судовите, како и за член на Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, и покрај тоа што не е од редот на вработените во Министерство за -------. Во пријавата се наведува дека таквото акумулирање на функции на второпријавениот е спротивно на закон од причина што истиот не е од редот на вработените во министерството, како и поради тоа што тие функции се исклучуваат една со друга и постои судир на интереси.

Државната комисија, постапувајќи по поднесената пријава, а со цел правилно и целосно утврдување на фактичката состојба, испрати барање за доставување на податоци и

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

информации до Министерството за -------, па врз основа на добиената документација, го утврди следното:

Имено, помеѓу Приватната агенција за вработување КОНТАКТ БИЗНИС Скопје и Министерството за --------како работодавач корисник бил склучен Договор за отстапување на работници, заведен во министерството под бр. 04-2193/1 од 09.08.2024 година, за отстапување на привремени агенциски работници од Прилог 1 (каде е наведено и лицето ------) од страна на Агенцијата за потребите на работодавачот корисник. На ден 30.07.2024 година бил склучен Договор за вработување под бр. 0402-1443 помеѓу Приватната агенција за вработување КОНТАКТ БИЗНИС Скопје и лицето ------- со кој работникот ---------- се отстапува на работодавачот Министерство за ---------- – Скопје за вршење на привремени работи, поради зголемен обем на работа. Работниот однос се заснова на определено време за период од 01.08.2024 година до истек на мандатот на министерот, а работникот се распоредува на работно место посебен советник на министерот за меѓународна соработка. Исто така, помеѓу Приватната агенција за вработување КОНТАКТ БИЗНИС Скопје и Министерството за ------ како работодавач корисник бил склучен Договор за отстапување на работници, заведен во министерството под бр. 04-309/1 од 28.01.2025 година, за отстапување на привремени агенциски работници од Прилог 1 (каде е наведено и лицето -------) од страна на Агенцијата за потребите на работодавачот корисник. На ден 31.12.2024 година под бр. 0402-2579/01 бил склучен Договор за вработување помеѓу Приватната агенција за вработување КОНТАКТ БИЗНИС Скопје и лицето -------. Со овој договор лицето ------- се отстапува на работодавачот Министерство за ------- Скопје за вршење на привремени работи, поради зголемен обем на работа. Работниот однос се заснова на определено време за период од 01.01.2025 година до истек на мандатот на министерот, а работникот се распоредува на работно место посебен советник на министерот за меѓународна соработка.

Од наведеното произлегува дека второпријавениот ------- е вработен на определено работно време во Министерството за -------- како посебен советник за меѓународна соработка во Кабинетот на министерот ---------, во согласност со членот 22 став 2 алинеја 6, став 5, став 7, став 11 алинеја 6 и став 13 од Законот за вработените во јавниот сектор, така што не се потврдуваат наводите од пријавата дека лицето не е од редот на вработените во министерството и дека поради тоа не може да биде назначен како претставник од Министерството за -------- во комисии и работни тела каде согласно со материјалните прописи е предвидено да има преставник од Министерството за ---------.

Видно од Одлуката бр.08-810/1 од 25.11.2024 година донесена од Претседателот на Република Северна Македонија и објавена во „Службен весник на РСМ" бр.241 од 26.11.2024 година, за составот и за именување на претседател и членови на Комисијата за помилување, е дека

второпријавениот не е именуван за претседател или член на Комисијата за помилување, така што пријавата е неоснована и во овој дел.

Видно од Решение број 14-10357/1 од 16.10.2024 година донесено од Владата на РСМ е дека лицето --------- од Министерството за ------ е именувано на функцијата член на Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности. Истото е во согласност со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, и тоа член 49 став 2 од Законот според кој вработен во јавен сектор, може да биде член во еден надзорен орган во трговско друштво, јавните претпријатија, агенции, фондови и други правни лица со доминантен државен капитал.

Имајќи предвид дека во текот на постапката се утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и не е констатирана повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на пријавените службени лица, Државната комисија за спречување на корупцијата донесе одлука за запирање на постапката.

Заменик претседател

м-р Билјана Каракашова Шулев

Изготвил: М.М.- соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: С.С.М. - член на ДКСК